**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на 05.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај за работење на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2019 година и Извештај на независни ревизори**

Член 1

Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај за работење на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2019 година и Извештај на независни ревизори со остварен финансиски резултат од работењето:

1. Остварени приходи 1.251.482.360,00 денари
2. Остварени расходи 1.304.694.115,00 денари
3. Остварена загуба пред оданочување (1-2) 53.211.755,00 денари
4. Данок на добивка -
5. Остварена загуба по оданочување (3+4) 53.211.755,00 денари

Член 2

Составен дел на Оваа Одлука се:
- Извештај на независните ревизори, Извештај за финансиска состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за паричните текови и Извештај за промените во капиталот заедно со Годишниот извештај за работењето,
- Билансот на успех и Билансот на состојба од годишната сметка финансиски извештаи за 2019 година )

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 2, член 384 став 2 точка 2 и член 483 од Законот за трговските друштва, и на Одлуката за усвојување на годишната сметка и годишниот извештај за работење за 2019 година, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

**За покривање на загуба остварена по годишната сметка / финансиските извештаи за 2019 година**

Член 1

Загубата од работењето во 2019 година ќе се покрива од работењето на Фабриката во наредниот период.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 4 и член 384 став 2 точка 3 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## За одобрување на работа на Одбор на директори

Член 1

Се одобрува работата на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 4 и член 384 став 2 точка 3 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## За одобрување на работа на член на Одбор на директори

Член 1

Се одобрува работата на членот на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, Алексаандар Крстевски.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 4 и член 384 став 2 точка 3 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## За одобрување на работа на член на Одбор на директори

Член 1

Се одобрува работата на членот на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, Страхил Пановски.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 4 и член 384 став 2 точка 3 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

**За одобрување на работа на член на Одбор на директори**

Член 1

Се одобрува работата на членот на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, Јованче Јошев.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 415-в став 4 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

Член 1

Се усвојува годишен извештај на Служба за внатрешна ревизија.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е извештај на Служба за внатрешна ревизија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За назначување овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиските извештаи**

Член 1

За ревизор на годишна сметка и финансиски извештаи на ФЗЦ 11 Октомври АД – Куманово за 2020 година се назначува Ревизорска куќа Grant Thornton ДОО Скопје.

Член 2

Оваа Одлука ќе ја спроведе Економика и Финансии.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето

Собрание на акционери
Претседавач

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 363 став 1 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отповикување на член на Одбор на директори**

Член 1

Се отповикува член на Одбор на директори

Член 2

Се овластува Адвокатското друштво ИНТЕР ПАРТЕС Скопје преку регистрационот агент Арсенија Дејаноска Сарагинова да ја поднесе пријавата за упис на отповиканиот независен неизвршен член на Одбор на директори во трговскиот регистар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач,

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 344 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на ден 05.10.2020- година, донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на член на Одбор на директори**

Член 1

За член на Одбор на директори е избран:

---------------------

Член 2

Се овластува Адвокатското друштво ИНТЕР ПАРТЕС Скопје преку регистрациониот агент Арсенија Дејаноска Сарагинова да ја поднесе пријавата за упис на избраниот член на Одбор на директори во трговскиот регистар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач,

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 457, 459, 460 и 460-а од Законот за трговските друштва, Собранието на седницата одржана на ден 05.10.2020 година, со мнозинство гласови на сите акционери, претставени во собранието, кои немаат интерес во зделката донесе:

**ОДЛУКА**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА**

Член 1

СЕ ОДОБРУВА склучување и реализација на зделка со заинтересирана страна, на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со **Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово,** како заинтересирана страна и тоа склучување на Договор за закуп на генератор за заварување и Договор за закуп на уред за симнување на внатрешен град во која Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, се јавува како закуподавач, кои Договори се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Вредноста на зделките со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, по основ Договор за закуп на генератор за заварување изнесува 866.292,00 евра противвредност во денари сметано по среден курс на НБРСМ на денот на фактурирањето а по основ на Договор за закуп на уред за симнување на внатрешен град изнесува 504.000 долари противвредност во денари сметано по среден курс на НБРСМ на денот на фактурирањето.

Член 3

Вкупната вредност на зделките од член 2 на оваа одлука, претставува повеќе од 2% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и не надминува 10% од вредноста на активата на Друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото.

Член 4

**ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ВО ЗДЕЛКАТА**

**1. Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово** (во кое Тони Каранфиловски е основач и управител) како заинтересирана страна во зделката во својство на закуподавач, како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.

**2. Александар Крстевски** како заинтересирана страна во својство на Претседател и Неизвршен член на Одбор на директори во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово

Член 5

**СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА:**

Се утврдува дека страните во зделката се Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово и Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово

Член 6

**ПРЕДМЕТ НА ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА:**

Склучување на Договор за закуп на генератор за заварување и Договор за закуп на уред за симнување на внатрешен град во кои Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува како закуподавач, а Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се јавува како закупец.

Член 7

Се утврдува дека наведената зделка е зделка со заинтересирана страна.

Се утврдува дека согласно член 459 од Закон за трговските друштва, Друштвото за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово кој како акционер поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, го извести Одборот на директори дека согласно член 457 од Закон за трговските друштва има статус на заинтересирана страна.

Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

Член 8

Се овластува и задолжува Извршниот директор при Одборот на директори на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово да ги склучи и да ги реализира договорите по правосилноста на оваа одлука.

Член 9

Оваа одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна и склучување и реализација на договорите, влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
ПРЕТСЕДАВАЧ